МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА
МЦМС>>

# МЦМС е-Билтен

Јуни 2014

БРОЈ 155

## Презентирани првичните наоди од Системот за следење на корупција

Првичните наоди од системот за следење на корупцијата и главните предизвици идентификувани во националните извештаи за проценка на корупцијата беа главните теми на работилницата за јавни политики одржана на 20 јуни 2014 година, во Истамбул Турција. Работилницата ја организираше Мрежата за лидерство за развој и интегритет на Југоисточна Европа (СЕЛДИ), а наодите ги презентираа регионалните партнери. МЦМС е регионалниот партнер од Македонија, а во Истамбул го претставуваа Емина Нурединоска и Борјан Ѓузелов.



Наодите се резултат на направените анкети со население и на истражувани секундарни податоци кои даваат преглед на состојбите во шест области: правна и институционална рамка – ефикасност на институциите, судство, економија и корупција, граѓанско општество и меѓународна соработка. Истражувањето е направено во сите земји во регионот. Наодите од спроведувањето на системот за следење на корупцијата во Македонија ги презентираше Емина Нурединоска. Финалниот регионален извештај ќе биде објавен во текот на јули.

Работилницата беше дел од проектот „Граѓанско општество за добро владеење и антикорупција во југоисточна Европа: градење на капацитети за мониторинг, застапување и подигање на јавна свест“ кој е финансиран од Европската комисија, Директорат за проширување. Во проектот се вклучени 17 граѓански организации од девет држави од регионот (Албанија, БиХ, Бугарија, Хрватска, Косово, Македонија, Црна Гора, Србија и Турција). Носител на проектот е бугарскиот Центар за изучување на демократијата (ЦИД), а македонски партнери во овој проект, покрај МЦМС се и Институтот за демократија Социетас Цивилис – Скопје и Институтот за економски стратегии и меѓународни односи Охрид.

## Потребно е интензивирање на соработката на ДКСК и граѓанските организации

На 16 јуни, 2014 година, во просториите на МЦМС беше организирана средба меѓу Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) и граѓанските организации потписнички на Меморандумот за взаемна поддршка за спречување на корупцијата и судирот на интереси. Цел на средбата беше меѓусебно информирање за активностите на граѓанските организации и на ДКСК, и разгледување на можностите за подобрување на соработката.



*Граѓанските организации ги споделија со ДКСК идеите за подобрување на соработката*

Емина Нурединоска од МЦМС, во своето воведно обраќање истакна дека состанок е инициран заради потребата од интензивирање на соработка помеѓу ДКСК и граѓанските организации. Таа смета дека е потребна поголема отвореност на ДКСК кон граѓанските организации и нивно вклучување во процесите и активностите на ДКСК. Мирјана Димовска, член на ДКСК, истакна дека за нив, соработката со граѓанскиот сектор има големо значење, особено во подигнувањето на јавната свест, како еден од клучните аспекти во сузбивањето на корупцијата.

На состанокот присуствуваа 12 претставници од девет граѓански организации кои ги презентира активностите на своите организации поврзани со добро владеење и антикорупција и дадоа идеи како соработката со ДКСК може да се прошири и унапреди.

Присутните заклучија дека ќе се воспостави пракса на редовни тримесечни состаноци и ќе се организираат тематски работилници на кои ќе се разгледуваат прашања поврзани со спроведувањето на Програмата за превенција и репресија на корупцијата и за превенција и намалување на појавата на судир на интереси.

Иницијативата за состанокот е во рамките на програмата на УСАИД за анти корупција спроведувана од МЦМС и партнерските организации.

## Финансирањето на ГО од страна на државата во Западен Балкан и Турција

Од 17 до 19 јуни 2014 година во Приштина, Косово се одржа регионална конференција под наслов „Подобрување на институционалната и правната рамка за финансирање на граѓанските организации од страна на државата“ што ја организираше канцеларијата за техничка поддршка на граѓанските организации (ТАКСО).

На конференцијата учествуваа над 50 претставници од државни институции, граѓански организации, како и претставници од делегациите на Европската Унија, од земјите од Западен Балкан и Турција. Симона Огненовска го претставуваше МЦМС.




*Потребни се заеднички напори за надминување на недостатоците во финансирањето на граѓанските организации од страна на државата*

Финансирањето на граѓанските организации од државата е едно од клучните прашања идентификувани во „Насоките за поддршката на ЕУ за граѓанското општество во земјите од проширувањето за периодот 2014-2020“. Тоа е една од најважните алки за развојот на силни и поефективни граѓански организации. За жал, расположливите механизми, правната рамка и практики, во голема мера се неразвиени, што го попречува искористувањето на расположливите средства наменети за граѓанските организации.

Регионалната конференција беше можност да се дискутираат прашањата поврзани со планирање и воспоставување на механизми за финансирање; споделување примери, како и нагласување на најдобрите практики за финансирање на граѓанските организации од страна на државата од претставници на државите од Западен Балкан и Европската Унија.

Учесниците дискутираа за последователните активности за утврдување на клучни недостатоци во финансирањето на граѓанските организации од страна на државата и заеднички чекори за нивно надминување во своите земји.

## Граѓанското општество има клучна улога во борбата против корупцијата

На 11 јуни 2014 година во Рим, Италија се одржа четвртата годишна конференција за антикорупција на високо ниво за владите на Групата од дваесетте министри за финансии и гувернерите на Централната банка, Г-20 и бизнис заедницата. На конференцијата учествуваа над 80 претставници на влади, бизнис заедницата и граѓанскиот сектор од земјите членки на ОЕЦД и Г-20. МЦМС го претставуваше Емилија Туџаровска-Ѓорѓиевска.

Учесниците ја истакнаа клучната улогата на приватниот сектор и граѓанското општество во борбата против корупција, елиминирањето на странскиот поткуп и борбата против економскиот криминал. Во таа насока, граѓанското општество треба да се развива како чувар на напредокот преку активно вклучување во борбата против корупцијата како рамноправен партнер.

Конференцијата имаше за цел да ги истакне приоритетите на Г-20 за зајакнување на соработката меѓу владите и приватниот сектор, како и да изгради заедничко разбирање за унапредувањето на клучните елементи на глобалната агенда за борба против корупцијата и за иновативни решенија за решавање на најновите предизвици со кои се соочуваат земјите, бизнис заедницата и граѓанското општество. Разгледани беа и приоритетите според Акциоскиот план 2013-2014 на Г-20 за антикорупција, како и препораките на владите. Посебна сесија беше посветена на агендата на Г-20 за елиминирање на меѓународниот поткуп,.

Од 2013 година МЦМС како граѓанска организација активно придонесува кон следењето и борбата против корупција во Република Македонија, преку програми финансиски поддржани од УСАИД и ЕУ и активно е вклучена во следењето на глобалните текови во областа на антикорупцијата и поврзаните општествени текови.

Конференцијата беше организирана од италијанската ко-претседавачка работната група на Г-20 за антикорупција и организацијата за економска соработка и развој , ОЕЦД.

# Подобри услови за учење за 243 ученици

Од јуни до октомври оваа година МЦМС ќе реновира три основни училишта во кои настава посетуваат или ја спроведуваат вкупно 243 ученици и 39 наставници. Станува збор за основните училишта „Орце Николов“ во с.Ињево (Радовиш); „Гоце Делчев“ во с.Радичево (Василево) и „Манчу Матак“ во с.Славеј (Кривогаштани).



*Руинираната фасада на ОУ „Орце Николов“ во с.Ињево ќе добие нов лик*

Во училиштето во с.Ињево ќе биде направена замена на прозорците и на еден дел од зградата ќе биде ставена нова фасада. Замена на прозорците и вратите ќе биде направена и во училиштето во с.Радичево, а ќе биде реконструиран и училишниот кров. Училиштето во с.Славеј е најстаро од трите и таму ќе бидат направени нови санитарни јазли и септичка јама, ќе бидат заменети подовите во училниците како и вратите и прозорците. Вкупниот буџет за реконструкција изнесува околу 93.000 евра, а го обезбедија Филип Морис Интернешенал Менаџмент СА и Сокотаб.

Трите училишни згради се изградени пред 30 односно 60 години и во нив не се правени значителни реконструкции. Интервенциите ќе бидат направени според новите стандарди, а градежните материјалите кои ќе се користат ќе бидат енергетски ефикасни и еколошки. На овој начин, учениците ќе имаат подобри и побезбедни услови за настава, а училиштата ќе имаат пониски трошоци за греење.

МЦМС осма година по ред работи на подобрување на условите за учениците и наставниците преку реновирање на основите училишта. До сега се реновирани седум училишта со вкупна вредност на проектите од 28.470.000 или 463.000 евра.

# Како се трошат парите од европските проекти

На 19 и 20 јуни 2014 година, во Букурешт, Романија се одржа работилница посветена на набљудувањето на трошењето на парите од европските проекти. Беа презентирани извештаи од набљудувањата во Романија, Молдавија и Македонија. Романскиот Центар за независно новинарство започнал со ваквото набљудување уште во 2002 година, а за Молдавија и Македонија ова беше првиот таков извештај.

Податоците за 2013 година покажуваат дека во Романија биле огласени 76 милиони евра, од кои за 31 милион се склучени договори. Имајќи предвид дека медиумскиот пазар во Романија е околу 300 милиони евра, средствата од ЕУ учествуваат во него со 10%. Дел од проблемите што се констатирани во истражувањето се однесуваат на јасноста на описите на надлежности. Постои дилема дали нивниот квалитет е резултат на недостаток на капацитет или можеби со таквиот квалитет се прави обид за замаглување на критериумите. Извештајот констатира и поврзаност на добитниците на поголемите повици.

Во Македонија и Молдавија средствата што ЕУ ги наменува за проекти поврзани со медиумите се далеку пониски. Истражувањето во Молдавија го нагласува недостатокот на транспарентност и притоа ги акцентира проблемите со законската регулатива и неразбирањето на концептот за конфликт на интереси. Средствата на ЕУ, засега главно се насочени во инфраструктурата, јавното здравство и земјоделието. За подобрување на транспарентноста промовирана е платформа на која се објавуваат сите проекти кои се спроведуваат со основните податоци за нив. Потребата од ваква алатка ја оправдуваат 50-те илјади посети за три месеци по објавувањето на платформата.

Што се однесува до Македонија, во извештајот се констатира дека фондовите од ЕУ кои се користат за медиуми треба да имаат прифатливо ниво на транспарентност, а вкупните суми за огласување да бидат објавени. Ваквите информации може да бидат корисни во проценката на ефективноста на визуелните компоненти и целокупната инвестиција на ЕУ во нејзиниот имиџ во Македонија. Македонија ја има усогласено регулативата за јавни набавки со таа на ЕУ, но проблем е што купувањето на медиумски простор е изземено од стандардните процедури за јавни набавки. Ова влијае на транспарентноста за тоа како се употребени јавните пари. Иако Македонија го има усвоено Поимникот за јавни набавки (Common Procurement Vocabulary) тој не се применува. Примената во голема мерка ќе го олесни пристапот до информации.

Македонскиот извештај го подготви и на работилницата го презентираше Миша Поповиќ, од Институтот за демократија Социетас цивилис, Скопје. Гонце Јаковлеска од МЦМС ги презентираше искуствата на МЦМС и МРФП во спроведувањето на проекти финансирани од ЕУ низ призмата на правилата за набавки, компонентите за видливост и предизвиците со објективизација на изборот на медиуми за проектни активности.




*Употребата на Поимникот за јавни набавки може да го олесни пристапот до информации*

Учесниците ги компарираа наодите од трите земји и разговараа за инструментите за следење како и за планот за застапување.

МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА
ул. Никола Парапунов 41а, П.Фах 55, 1060 Скопје
тел: +389 2 3065381 | факс: +389 2 3065298 | www.mcms.mk | mcms@mcms.mk